2017

# Документ со препораки

*Подобрување на состојбата на Советите на Млади*

Коалиција на младински организации СЕГА

# Документ со Препораки

## *Подобрување на состојбата на Советите на Млади*

ВОВЕД

Документот со препораки беше подготвен за време на Националната работилница **"Подобрување на функцијата на Советите на младите"** на кој учествуваа млади, членови на Совети на млади и донесувачи на одлуки на локално ниво.

Позицискиот документ се базира на основните препораки дадени од 220 млади при реализацијата на локални дискусии одржани во 10 градови во Република Македонија. Реализираните активности се во состав на проектот "**Учество на младите во процесот на донесување одлуки" во соработка со Агенција за млади и спорт, поддржан од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, преку Програмата ЕРАЗМУС +.**

Користејќи го методот на структурен дијалог, Националната работилница ги поврзува донесувачите на одлуки, младите и членовите на Советите на младите со цел подобрување на состојбата на Советите на младите во Република Македонија и зајакнување на позицијата на Советите на младите во општините.

ПОЗИЦИЈА

Младинското учество во донесување на одлуки претставува консултативен процес кога младите активно учествуваат во општествените процеси кои се од нивни интерес. Ако сакаме да изградиме демократски, инклузивни и просперитетни општества, мора да ги вклучиме младите во процесот на донесување одлуки. Основен почетен и клучен елемент на процесот на донесување на одлуки и демократијата е правото на глас и да бидеме гласани како уставно загарантирано право. Специфично Младинското учество во донесување на одлуки сеуште не е законски регулирано, сепак, важно е младите да имаат алатки, простор, можност и каде што е потребно, поддршка за учество и влијание врз одлуките, да се вклучат во активности со цел да придонесат кон развојот на заедницата.

Локалните и националните власти со поддршка на граѓанскиот сектор треба да промовираат можности и обезбедуваат поддршка за младите луѓе. Институциите треба да ги создадат овие можности со цел младите луѓе активно да учествуваат во донесувањето на одлуки кои се од нивни интерес преку формираните совети на млади, кои се првично воспоставени, но без јасни насоки од страна на локалните власти за функцијата и полето на делување.

Младите како динамична социјална група, имаат потреба од зголемена поддршка од страна на институциите и право на консултација во однос на прашања кои се од нивни интерес. Младите луѓе, посебно малолетните млади, немаат простор да учестуваат во донесувањето на одлуки, а веќе имаат свои ставови кон појавите и процесите во локалната заедница кои нив ги засегаат.

Локалните Совети на млади обезбедуваат простор за младите да го пренесат своето мислење до донесувачите на одлуки на локално ниво и со тоа значително да придонесат кон демократскиот развој на локалната заедница.

Потребата за Законско регулирање на Локалните Совети на Млади и нивната улога во локалната заедница е повеќе од видлива. Учеството во донесувањето на одлуки е право кое треба да го ужива секој човек, а не привилегија која државата ја обезбедува.

АНАЛИЗА ЗА СОСТОЈБАТА

Во Република Македонија живеат 480.828 жители од вкупно 2.022.547 на возраст од 15-29 години, што значи дека речиси една четвртина се млади. Во образовните институции, најчесто младите се организираат во неформални групи за кои недостига законска регулација. На локално и национално ниво, младите неформално се организираат за проблеми и потреби кои нив ги засегаат, и го користат правото на неформално здружување.

Во Македонија не постои организиран и системски пристап во поддршката на младинското учество во донесувањето одлуки, додека прашањата на младите се адресирани од различни институции на национално и локално ниво, сепак недостасува законското регулирање на Младинското учество во донесување на одлуки во локалната заедница.

Во 2009 година, по иницијатива на Коалицијата на младински организации СЕГА и имплементација на проектот "Совети на млади во општините", Штип е прва општина во Македонија која формирала Совет на млади, општински тело преку кое младите можат да предлагаат на Советот на општината иницијативи и идеи за решавање на нивните проблеми. Со овој инструмент младите можат да го зајакнат своето влијание во локалните заедници и да учествуваат во донесувањето одлуки за прашања кои се однесуваат на младите, особено во сферата на образованието, културата и спортот, кои се во надлежност на општините.

Формирањето на Локалните совети на младите продолжува во 2015 година како предлог на иницијатива на Агенцијата за млади и спорт на Р. Македонија која им предложи на локалните самоуправи да формираат Локални совети за млади. До мај 2017 година се формирани 64 Локални Совети на младите во 64 различни општини, кои функционираат со различен пристап и

област, поради недостаток на поддршка од институциите, нискиот капацитет и информираност на членовите и институциите.

Коалицијата на младински организации СЕГА, Агенцијата за Млади и Спорт и ОБСЕ се активни во поддршката на Советите на Млади, сепак наодите покажуваат дека оваа поддршка не е доволна и останува голем простор за подобрување на функционалноста и полето на делување на Советите на Млади.

Недостигот на искуство на членовите на Советите на млади, пристапот и ниското ниво на поддршка од страна на институциите се предизвици кои треба да се решаваат во иднина.

ПРЕПОРАКИ

Во согласност со позицијата утврдена со овој документ, учесниците на Националната работилница ги дефинираа следните препораки до креаторите на младински политики во Република Македонија.

ФУНКЦИИ, ЗАДАЧИ И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ

- Советот на млади да има советодавна улога со организациска поставеност на Претседател, Заменик претседател, Секретар и Комисии (внатрешни и надворешни членови)
- Учество при подготовка, планирање, спроведување и активно следење на локалните програми во областа на спортот, културата, образованието, екологијата, вработувањето и локалните стратегии за млади.
- Активно учество на Советот на млади на седниците на Советот на општината, предлагање точки на дневен ред и иницијативи со кои ќе се подобри квалитетот на животот на младите во заедницата.
- Воспоставување на ефективен канал за соработка (комуникација) помеѓу Советот на млади и Локалната самоуправа, младите, граѓанскиот сектор и локалните институции со цел претставување и застапување на интересите на младите.
- Организирање на активности за обезбедување на препознатливост, видливост и пристапност на Локалниот совет на млади во соработка со надлежните локални институции (АВРМ, ЦСР, МВР и др.)
- Прибирање на предлози и податоци од формални и неформални младински групи од страна на Локалните Совети на младите.
- Обезбедување на техничка, логистичка, кадровска и финансиска поддршка на формални и неформални младински групи од страна на локалните младински совети.
- Обезбедување на учество на свои претставници и нивно активно вклучување во општинските тела и органи и други настани од различен карактер организирани од Локалната самоуправа.
- Функционирање врз основа на деловник за работа, план и програма за работа и обврска за поднесување на извештаи за реализација.
- Застапување на предлог одлуките на Советот на млади пред комисиите на општината.

ПОДДРШКА НА СОВЕТИТЕ НА МЛАДИ ОД ЛОКАЛНИ САМОУПРАВИ

• Обезбедување на материјална, техничка, професионална, инфраструктурна и морална поддршка и активно вклучување на Советот на млади во организација на настани за млади.
• Овластување на вработен од општината, чија главна функција ќе биде младинскиот сектор и координација на Советот на млади, кој обезбедува етничка застапеност и број на членови во структурата во однос на демографските податоци на општината.
• Обезбедување на непрекината работа, поддршка, поттикнување, препознавање, признавање, промоција и активно вклучување на Советот на младите во креирање на младински политики.
• Одржување на задолжителни состаноци на општинските тела и органи со Советот на млади на определен временски рок за меѓусебни консултации и координации за планирани и тековни активности.
• Обезбедување учество на седниците на Советот на општината со право на збор и слободно да лобира и да застапува точки од дневниот ред кои се во интерес на младите.
• Обезбедување на консултативно учество во работата на привремените комисии на Советот на општината при процесот на донесување одлуки.

СОРАБОТКА ПОМЕЃУ СОВЕТИТЕ НА МЛАДИ И СОРАБОТКА СО НАДВОРЕШНИ АКТЕРИ/ЧИНИТЕЛИ

• Директно вклучување на формални и неформални младински групи во програмите, активностите и структурата на Локалните совети на млади за уредување на меѓусебната соработка.
• Формирање на координативно тело на регионално ниво со специфични цели за решавање на проблеми, споделување и размена на добри практики помеѓу Советите на млади.
• Формирање на Национален Совет на млади кој би ги вклучил сите Локални Совети на млади.
• Законско регулирање на Локалните Совети на млади на локално и национално ниво со цел нивно институционализирање за подобро претставување на потребите на младите пред донесувачите на одлуки